СКОПСКИ ПАЗАР А.Д.
ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ
ЗА УСЛУГИ ВО ПРОМЕТ И
ТРГОВИЈА УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ
ул. Ѓорче Петров бр. 7
1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.: ++389 2 2404 100
Факс: ++389 2 2404 313
e-mail: info@skp.com.mk
www.skopskipazar.com.mk

# ДОГОВОР

## ЗА КУПОПРОДАЖБА

Склучен на ден ___________ 2018 година, во Скопје, помеѓу:

1.**СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје**, со седиште на ул. Ѓорче Петров бр. 7 Скопје, Претседател на Управен одбор м-р Сашо Давитковски, (во понатамошниот текст Продавач)

и

2. _________________________________________________________________________________ ,
со седиште на ______________________________________________________________ бр.______________ ,
со жиро сметка ______________________, депонент на _____________________________________________ ,
ЕДБ МК ____________________, претставуван од ___________________________________________________ ,
(во понатамошниот текст Купувач**)**, а за следното и под следните услови:

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е купопродажба на производи од асортиманот на продавачот по електронски пат преку интернет страната www.doma.mk.

**Член 2**

Продавачот по барање на купувачот е обврзан да ги доставува бараните артикли во вид, количина и рок по претходно извршената нарачка преку www.doma.mk во согласност со условите и правилата наведени на www.doma.mk.

Продавачот се обврзува да гарантира стандарден квалитет на производите и навремена испорака на производите согласно избраниот термин за испорака на www.doma.mk од страна на купувачот.

### ЦЕНА

**Член 3**

Продавачот може да ја промени цената, доколку производителот ја промени цената на одреден производ. Вкупната цена на тоталната кошничка производи нарачана од страна на купувачот може да варира во согласност со случаите опишани во условите и правилата на www.doma.mk. Купувачот има право да ја откаже нарачката согласно условите и правилата опишани на интернет страната www.doma.mk но само пред робата и фактурата да му бидат доставени.

**ПЛАЌАЊЕ**

**Член 4**

Износот на набавената стока, купувачот ја плаќа по извршена испорака и достава на фактура, во рок од 8 дена.
Продавачот го задржува правото да не ја изврши испораката на направената нарачка доколку претходната фактурирана нарачка не е платена од страна на купувачот во договорената валута.
Купувачот ќе ополномошти лице кое ќе биде овластено да дава нарачки и да ги прима нарачаните производи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 5**

Овој договор се склучува на неопределено време, а истиот може да се раскине во било кое време, со отказен рок од 10 дена.

**Член 6**

Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 7**

Во случај на спор по одредбите на овој договор, договорените страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно надлежен е Основниот суд во Скопје.

**Член 8**

За се што е предвидено со овој Договор важат одредбите од 300.

**Член 9**

Овој договор е составен во 2 примероци, од кои по 1(еден) за секој договорна страна.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

ПРОЕКТ МЕНАЏЕР
Стефанија Поточан

______________________________

ДИРЕКТОР НА СЕКТОР ТРГОВИЈА И УГОСТИТЕЛСТВО
Предраг Тасиќ

______________________________

ПРОДАВАЧ
Скопски Пазар АД - Скопје

Претседател на Управен Одбор
м-р Сашо Давитковски

______________________________

КУПУВАЧ

______________________________